INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 9/1/2023
02.02 2023 год.
СКОПЈЕ

# Резиме на евалуација на студентите на студиските програми понудени од ИОХН-С

Евалуацијата на студиските програми понудени од страна на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, од страна на студентите беше извршена за периодот 2022-2023, преку електронски прашалник во кој студентите можеа да ја оценат работата на предметните професори, академскиот координатор, дополнителните меѓународни семинари и предавања (во облик на интеруниверзитетската иницијатива School of Materialist Research, редовните летни школи за регионот на Југоисточна Европа, јавни предавања и друго), Еразмус мобилност и библиотеката. Евлауацијата беше спроведена со помош на прашалник дистрибуиран до сите студенти. Со прашалникот беа опфатени дваесет студенти.

Професорите беа оценувани на скала од 1 (најлошо) до 5 (одлично) врз основа на следните критериуми: а) покажува научна спремност во спроведените предавања/консултации и дискусиите на часовите/консултациите, б) дава конструктивни насоки за семинарскиот труд, в) поставува релевантни прашања на устен испит, г) дава реална и издржана оцена на предметот.

Според сумираните резултати на прашалникот сите предавачи покажуваат максиманлна научна спремност (просечна оцена 5), повеќето даваат максимално конструктивни насоки (4.88), како и реална оцена (4.76) додека пак оценката за предавачите во однос на критериумот давање реална оцена и подигната за разлика од минатата евалуацијата (4.65).

Академскиот координатор беше оценет врз основа на следните критериуми: а) навремено и адекватно информира за новости и информации во врска со студиите, б) навремено и адекватно одговара на прашањата поставени по e-mail или усно, в) помага при комуникацијата со професорсктио кадар, г) обезбедува барани услуги (издавање потврди, одлуки, уверенија).

Резултатите покажаа дека студентите се речиси целосно задоволни од работата на академскиот координатор, или искажано во бројки, координаторот беше оценет со просечна оцена 4.96 за адекватно информирање, 5 за навремен и адекватен одговор, 5 за помош при комуникација со преофесори и 5 за обезбедување барани услуги.

Дополнителните меѓународни семинари и предавања (во облик на интеруниверзитетската иницијатива School of Materialist Research, редовните летни школи за регионот на Југоисточна Европа, јавни предавања и друго) беа оценувани врз основа на следните критериуми а) Релевантност на темите на предавањата / семинарите б) Предавачите / Обучувачите в) Навремено известување за настаните и достапност.

Резултатите покажаа дека студентите се задоволни од понудите дополнителни семинари (предавања), прикажано во бројки, просечна оценка од 4,90 за релевантноста на темите на предавањата/семинарите, 5 за понудените предавачи/обучувачи што ни дава за право да тврдиме дека студентите ја оценуваат можноста која ја нудат овие предавање на практичари. Со овие предавања на докажани практичари студентите бараат поголема врска со активниот пазар на трудот и можности да практикуваат во НВОа, институции и креативни индустрии, и 4,95 за навременото известување за настаните и достапноста.

Еразмус мобилност беа оценувани врз основа на следните критериуми а) Листата на достапни универзитети б) Можноста за користење на Еразмус мобилност в) Точно и навремено информирање за можноста и помош во процесот на аплицирање и студирање

Резултатите покажуваат дека студентите се задоволни од Еразмус мобилноста која им се нуди во рамки на нивното студирање со просечна оценка 4,80 за првиот критериум листата на достапни универзитети, со просечна оценка 4,90 е оценет вториот критериум можност за користење на Еразмус мобилноста и со оценка 5 е оценета за точното и навремено информирање за можноста како и помошта во процесот на аплицирање и студирање.

Работата на библиотеката беше оценета во однос на следниве критериуми: а) задолжителната литературата е достапна (во тврда копија или електронски), б) изборната литературата е достапна (во тврда копија или електронски), в) библиотеката помага при комуникација со професиналниот кадар во изборот на литературата, г) обезбедува услуги (изнајмува книги во тврда копија, пронаоѓа литература од електронски бази итн.

Според студентите, библиотеката одлично ја врши функцијата на нудење задолжителна литература (5), како и изборна (4.85), помага при комуникација со кадарот (4.85) и квалитетно обезбедува услуги (4.80).

Скопје

Раководител

Датум: 02.02.2023 година

Проф. д-р Катерина Колозова
Директорка на Институтот за
општествени и хуманистички науки - Скопје